РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРИРОДНОТО И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ВО ОХРИДСКИОТ РЕГИОН

Скопје, ноември 2018 година

# В О В Е Д

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДАТ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Природното и културното наследство на Охридскиот регион е впишано на Списокот (Листата) на светското наследство на УНЕСКО согласно критериумите содржани во Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство на Организацијата на Обединетите нации за образование, наука и култура. Во 1979 година, првично е впишано како природно добро, а една година подоцна како мешано добро, природно и културно наследство во согласност со критериумите (i), (iii), (iv) и (vii) на Конвенцијата.

Согласно Конвенцијата на УНЕСКО, критериумот (i) претставува ремек дело на човековиот креативен дух; под критериумот (iii) се подразбира единствено или барем извонредно сведоштво на одредена постоечка или исчезната цивилизација; критериумот (iv) претставува извонреден пример на градба, архитектура или технолошки ансамбл или пејсаж кој ги отсликува значајните епохи на човековата историја; а под критериумот (vii) се подразбираат суперлативни природни феномени или подрачја со исклучителна природна убавина и естетска важност.

Природното и културното наследство на Охридскиот регион ги вклучува историскиот центар на градот Охрид, градот Струга, рибарски населби на брегот, ранохристијанските духовни центри и манастири, како и над 250 археолошки локалитети кои опфаќаат период од над 5000 години. Градот Охрид како комплексна споменична целина, има огромно значење поради многубројните археолошки локалитети што ги содржи, како и низата поединечни објекти кои имаат карактеристики на културно наследство од исклучително значење. Урбаното јадро на Охрид вклучува градби и други структури кои датираат од предисторијата, антиката и доцната антика, ранохристијанскиот период, раниот и развиениот среден век, османлискиот период, се до денес.

Охридското Езеро долго време е познато како суперлативен природен феномен. Со геолошка и биолошка историја од 2 -5 милион години, се истакнува како најстаро природно езеро во Европа и едно од најстарите езера во светот. Со најголема просечна длабочина од 155 метри претставува најдлабоко езеро во Европа и четиринаесето во светот. Охридското езеро поседува на исклучителна биолошка разновидност со голем број на ендемски видови.

И покрај меѓународните и националните мерки за заштита, природното и културното наследство во Охридскиот регион и понатаму е под закана поради непланираниот урбан развој, несоодветното управување со отпадните води и цврстиот отпад, промените во живеалиштата, уништувањето или осиромашувањето на природните ресурси, развојот на инфраструктура и интензивните туристички активности.

Реактивната мониторинг мисија на УНЕСКО (која се реализираше во месец април 2017 година), донесе Извештај кој е преточен во Одлуката на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО донесена на неговата 41.сесија во Краков, Полска во јули 2017 година. Наодите на Мисијата укажуваат на тоа дека целокупната состојба на зачуваност може да се смета за ранлива, и ако приоритетните препораки не се спроведат во рамки на препорачаниот рок од две години (т.е. до 2019 година), подрачјето може да ги исполни критериумите за впишување на Листата на светско наследство во опасност. Во Извештајот на Реактивната мониторинг мисија на Центарот за светско наследство на УНЕСКО е содржана препорака, согласно која е потребно во Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион донесен во 2010 година, да се утврди соодветен механизам за одлучување и управување, како и да се дефинираат надлежностите и составот на Комисијата за управување со природното и културното наследство на Охридскиот регион преку воспоставување на вистински партиципативен пристап во управувањето со доброто, со активно вклучување на локалните заедници и граѓанските организации. Имајќи предвид дека Законот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион донесен во 2010 година, во својата повеќе годишна примена покажа и други формални недостатоци, се утврди потребата од изработка на нов Закон.

Со Предлогот на Законот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион, ќе се создадат формално-правни предуслови, преку интегрирано управување со природното и културното наследство да се спречат активности кои негативно влијаат врз исклучителните универзални вредности на природното и културното наследство во Охридскиот регион, како и да се преземат мерки за негово активно вклучување во животот на заедницата, како фактор на одржливиот развој.

Со новиот состав на Советот за следење и координација на управувањето со природното и културно наследство во Охридскиот регион, ќе се зголемат капацитетите за ефективно управување со природното и културното наследство.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Во Предлогот на Законот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион се имплементираат обврските што произлегуваат од Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство на Организацијата на Обединетите нации за образование, наука и култура. Со донесувањето на законот се очекува да се постигнат следните цели:

- создавање на услови за заштита, популаризација и унапредување на состојбата со природното и културното наследство во Охридскиот регион;
- пренесување на исклучителните вредности на природното и културното наследство во Охридскиот регион на идните генерации;

- спроведување на научни истражувања и воспитно-образовни активности;
- создавање на услови за одржлив развој на Република Македонија и општините Охрид, Струга и Дебарца, преку соодветно користење на природното и културното наследство на Охридскиот регион;
- спречување на активности кои негативно влијаат врз исклучителните вредности на природното и културното наследство во Охридскиот регион; и
- вклучување на Република Македонија и општините Охрид, Струга и Дебарца во меѓународниот систем на соработка и помош со цел меѓународната заштита на природното и културното наследство.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ВРЗ ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на Законот ќе предизвика потреба од дополнителни финансиски средства во износ од 840.000,00 денари како надомест за работа на претседателот, замениците на претседателот и членовите на Советот за следење и координација на управувањето со природното и културно наследство во Охридскиот регион и други трошоци поврзани со едногодишната работа на Советот за Охридскиот регион.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Средствата во износ од 840.000,00 како надомест за работа на претседателот, замениците на претседателот и членовите на Советот за следење и координација на управувањето со природното и културно наследство во Охридскиот регион ќе се обезбедат од Буџетот на Владата на Република Македонија.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРИРОДНО И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ВО ОХРИДСКИОТ РЕГИОН

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на уредување
### Член 1

(1) Со овој закон се уредуваат начинот и условите на управувањето со природното и културното наследство во Охридскиот регион запишано во Списокот на светското наследство во согласност со критериумите содржани во Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство на Обединетите нации во рамките на Организацијата на Обединетите нации за образование, наука и култура (во натамошниот текст: Конвенцијата на УНЕСКО).

(2) Со овој закон се обезбедуваат посебни услови и мерки за управувањето со природното и културното наследство во Охридскиот регион запишано во Списокот на светското наследство на Конвенцијата на УНЕСКО (во натамошниот текст: природното и културното наследство во Охридскиот регион) кои имаат за цел:

- зачувување на неговата исклучителна универзална вредност,
- континуирано задржување на неговиот интегритет и/или автентичност, како во времето на впишувањето на природното и културното наследство во Охридскиот регион во Списокот на светското наследство во согласност со критериумите содржани во Конвенцијата на УНЕСКО и пренесување на природното и културното наследство во Охридскиот регион на идните генерации во изворна состојба,
- преземање на активности за спречување на дејства, појави и влијанија со кои може да се наруши неговиот интегритет,
- стимулирање на популаризацијата и презентацијата на исклучителните универзални вредности на природното и културното наследство во Охридскиот регион,
- унапредување на туристичката понуда преку препознатлива автентична промоција на природното и културното наследство во Охридскиот регион,
- овозможување услови за ревитализација на старите занаети и други форми на нематеријалното/живото културно наследство карактеристично за Охридскиот регион,и
- вклучување на природното и културното наследство во Охридскиот регион во образовниот систем и во други едукативни форми на проучување и запознавање со неговите исклучителни вредности.

### Примена на законот
### Член 2

(1) Одредбите од овој закон се применуваат во границите на Охридскиот регион од член 7 од овој закон во кој постои природно и културно наследство

кое е определено како светско природно и културно наследство, согласно Конвенцијата на УНЕСКО.

(2) Управувањето со природното и културното наследство во Охридскиот регион е од јавен интерес.

(3) Примената на мерките за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион предвидени со овој закон не смее, директно или индиректно, да доведе до влошување на состојбата со природното и културното наследство во Охридскиот регион.

(4) Сите мерки, стандарди и цели на животната средина, за заштита на природното и културното наследство се применуваат како минимални барања кои што треба да се исполнат при управувањето со природното и културното наследство во Охридскиот регион.

(5) Доколку со други закони се утврдени мерки, стандарди и цели на животната средина, за заштита на природното и културното наследство во Охридскиот регион, при управувањето со природното и културното наследство во Охридскиот регион ќе се применуваат најстрогите мерки и стандарди, со цел заштита на животната средина и заштита на природното и културното наследство.

Цели на управувањето

Член 3

Цели на управувањето се:

- спречување на активности кои негативно влијаат врз исклучителните универзални вредности на природното и културното наследство во Охридскиот регион,
- пренесување на исклучителните вредности на природното и културното наследство во Охридскиот регион на идните генерации како дел од општото наследство и како цивилизациска вредност,
- подигнување на јавната свест, одржување и унапредување на состојбата на природното и културното наследство во Охридскиот регион,
- поттикнување и спроведување на научни истражувања и воспитно-образовни активности, и
- активно вклучување на природното и културното наследство во Охридскиот регион во животот на заедницата, како фактор на одржливиот развој.

Примена на други прописи

Член 4

(1) Покрај одредбите од овој закон, на управувањето со природното и културното наследство во Охридскиот регион се применуваат одредбите од меѓународните конвенции и договори и актите донесени врз основа на нив со кои се уредува заштитата на природното и културното наследство во Охридскиот регион.

(2) Покрај одредбите од овој закон, при управувањето со природното и културното наследство во Охридскиот регион се применуваат и одредбите од Законот за заштита на природата, Законот за животната средина, Законот за заштита на културното наследство, Законот за шумите, Законот за ловството,

Законот за водите, Законот за рибарство и аквакултура, Законот за пасишта, Законот за внатрешната половидба, Законот за просторно и урбанистичко планирање, Законот за градежно земјиште, Законот за градење, Законот за земјоделско земјиште и други закони, како и прописите и актите донесени врз основа на овие закони, со кои се уредува заштитата на природното и културното наследство во Охридскиот регион.

Општа забрана и ограничување на управувањето

Член 5

(1) Во границите на природното и културното наследство во Охридскиот регион не смее да се спроведуваат активности кои може да влијаат и да ги доведат во опасност исклучителните вредности на природното и културното наследство во Охридскиот регион и кои се спротивни на визијата, мерките и активностите содржани во Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион.

(2) Со цел за зачувување на вредностите на природното и културното наследство во Охридскиот регион, надлежните органи на државната управа, на единиците на локалната самоуправа и надлежните установи може да определат посебни мерки на заштита и режим на управување, со кој се обезбедува привремена, односно трајна заштита на природното и културното наследство во Охридскиот регион.

(3) Надлежните органи на државната управа, локалната самоуправа и надлежните установи се должни да определат мерки на заштита кои се во нивна надлежност и да спроведат посебен режим на управување, согласно укажувањата на Советот за следење и координација на управувањето со природното и културното наследство.

Значење на одделни изрази во овој закон

Член 6

Одделни изрази во смисла на овој закон го имаат следното значење:

1. Светско природно и културно наследство се материјални и нематеријални вредности и природни ресурси наследени од минатото, кои припаѓаат на човештвото, без разлика на територијата на државата на која се наоѓаат и кои поради нивната универзална исклучителна вредност за човештвото се пренесуваат на идните генерации.

2. Исклучителна универзална вредност се однесува на оригинални автентични примероци на културното и/или природното насдледство кое поседува исклучителни, единствени, извонредни и неповторливи вредности кои го надминуваат националното значење за државата и претставуваат заедничка вредност за сегашните и идните генерации на човештвото во целина.

3. Автентичност е степен на присутност/сочуваност на изворните односно оригиналните или примарните облици (форма, концепција, материјали, компоненти, употреба и функција, традиции и техники, локација и поставеност, како и други внатрешни и надворешни фактори), со кои на веродостоен начин се потврдува исклучителната универзална вредност на природното и културното наследство.

4. Интегритет е севкупна кохерентност и целовитост на физичките карактеристики преку кои структурата го добива своето значење, односно недопреност на природното и културното наследство и неговите својства.

5. Контактна зона е просторот околку границите на природното и културното наследство во Охридскиот регион што е од значење за зачувување на нејзиниот автентичен контекст со режим на заштита различен од режимот на заштита  на заштитеното подрачје.

6. Светско природно и културно наследство во опасност е природно и културно наследство на кое му се заканува опасност од оштетување, уништување или посериозно нарушување на неговиот интегритет, поради забрзано пропаѓање предизвикано од реализација на обемни проекти, урбан и туристички развој, уништување поради промена во користењето или сопственоста на земјиштето, како и значајни промени настанати од непознати причини, запуштеност, загрозеност поради изведување на дејствија од воен карактер, климатски промени, пожари, промена на нивото на водите, поплави и настанување на природни катастрофи;

7. Имател на природно наследство во Охридскиот регион е секое правно или физичко лице, орган на државната или локалната власт, приватна или јавна установа која управува со земјиште на кое се наоѓа природното наследство или управува со состојбата и со популацијата на еден вид и состојбата со неговото живеалиште.

8. Имател на културно наследство во Охридскиот регион е секое правно или физичко лице кое е сопственик, носител на правото на користење и секое друго правно и физичко лице коешто по која е да е правна основа го држи заштитеното културно добро во Охридскиот регион.

## II. ПРИРОДНО И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ВО ОХРИДСКИОТ РЕГИОН

### Граници
### Член 7

(1) Границите на Охридскиот регион во кој се наоѓа природното и културното наследство се: започнува од граничниот премин кај Свети Наум од каде што се протега на исток и североисток по граничната линија меѓу Република Македонија и Република Албанија се до граничниот столб Ф 11/И. Оттука границата свртува во северен правец, избива на надморска висина од 1.102 м на Стара Галичица, од каде што се издига кон поголема надморска висина, а потоа се спушта по суводолицата која завршува кај месноста Липова Ливада на надморска висина од 1.568 м. Одовде границата свртува во источен правец и води по асфалтниот пат до месноста Долна Плос, од каде што го менува правецот кон север искачувајќи се на врвот Томорос - т.т. со кота 1.673 м. Оттука границата го задржува истиот правец и води по возвишенијата Пресека -т.т. со кота 1.633 м, Тумба - т.т. со кота 1.605 м, Шагон - т.т. со кота 1.622 м, Самар - кота 1.657 м, Црвен Камен - т.т. со кота 1.660 м, Гарванов Камен, Самерница - т.т. со кота 1.346 м, Бајчинов Рид - т.т. со кота 1.380 м, го сече патот Охрид - Ресен и избива на возвишението Прчишта - т.т. со кота 1.184 м, а потоа на Стогово - т.т. со кота 1.327 м и на Калипадиње - кота 1.372 м. Оттука границата продолжува да

се протега во северен правец и се спушта на висинската точка со кота 1.268 м, минува низ ридот Никотинец - кота 1.131 м, од каде што се спушта кај месноста Привја Вода - кота 899 м. Одовде границата го менува правецот и се протега на северозапад искачувајќи се на ридот Градиште - т.т. со кота 1.086 м. Оттука границата се спушта и минува низ јужните делови на Дебарца, потоа низ ридот Горица - т.т. со кота 877 м, ја сече Сатеска Река, минува низ месноста Горна Тумба и котата 1.270 м, потоа низ возвишението Кодра Маре - т.т. со кота 1.436 м и висинската точка со кота од 1.522 м, се спушта кон месноста Гриковец, минува низ селото Тоска и избива на висинската точка 971 м. Одовде границата го менува правецот кон југ, ја сече реката Црни Дрим, минува низ Суво Поле, потоа низ т.т. 754 м и 714 м, го сече брдото Долна Краста, го сече патот с. Враништа - с. Октиси, минува низ висинската точка 752 м и низ источните делови на Синје Брдо, минува низ висинската точка 864 м, го сече патот Струга - с. Вишни, минува низ котата 1.026 м, потоа низ месностите Банго и Цонга, висинската точка 1.165 м, тригонометриските точки 1.144 м (Каралиште), 1.103 м (Красје) и 1.179 м и избива на граничниот премин Ќафа Сан на македонско-албанската граница. Оттука границата го менува правецот кон исток и во должина од 2,2 км води до брегот на Охридското Езеро по границата спрема Албанија, а потоа се протега низ Охридското Езеро за да заврши на граничниот премин кај Св. Наум. Површината на природното и културното наследство на Охридскиот регион изнесува 833,5 км2.

(2) Со цел поголема заштита на природното и културното наследство во Охридскиот регион се воспоставува и контактна (тампон) зона.

(3) Границите на контактната зона се утврдуваат во Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион.

(4) Во рамки на границите на природното и културното наследство во Охридскиот регион од став (1) на овој член се воспоставува режим на управување и зони на заштита.

(5) Границите на природно и културно наследство во Охридскиот регион од став (1) на овој член, Агенцијата за катастар на недвижности ги нанесува на геодетска подлога во размер 1:1000.

Совет за следење и координација на управување со природното и културно наследство во Охридскиот регион

Член 8

(1) Со цел следење и координација на управувањето со природното и културното наследство во Охридскиот регион, Владата на Република Македонија формира Совет за следење и координација на управувањето со природното и културно наследство во Охридскиот регион, како стручно и советодавно тело на Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Советот за Охридскиот регион).

(2) Советот за Охридскиот регион е составен од 14 члена, кои ги избира Владата на Република Македонија. Членовите на Советот за Охридскиот регион се номинираат на следниот начин:

1. еден претставник на Владата на Република Македонија, со искуство во управувањето со природното и културно наследство во

Охридскиот регион, на предлог на Претседателот на Владата на Република Македонија;

2. еден надворешен претставник на предлог на министерот за животна средина и просторно планирање од редот на истакнати научни и стручни работници од областа на заштита на природното наследство и/или водите, со научно звање доктор на науки од соодветната област, со најмалку десетгодишно работно искуство во областа;
3. еден надворешен претставник на предлог на министерот за култура од редот на истакнати научни и стручни работници од областа на заштитата на културното наследство, со најмалку стручно звање советник или со научно звање доктор на науки од соодветната област, со најмалку десетгодишно работно искуство во областа на заштитата на културното наследство;
4. еден надворешен претставник на предлог на министерот за транспорт и врски од редот на истакнати научни и стручни работници од областа на убранизмот со научно звање доктор на науки од соодветната област и десетгодишно работно искуство во областа на урабнизмот и архитектура;
5. еден претставник на предлог на Управата за животна средина од редот на вработените во Управата кои работат на прашања на заштита на природното наследство во Охридскиот регион;
6. еден претставник на предлог на Управата за заштита на културното наследство од редот на вработените во Управата кои работат на прашања на заштита на културното наследство во Охридскиот регион;
7. еден претставник на предлог на градоначалникот на општина Охрид со искуство во управувањето со природното и културно наследство во Охридскиот регион;
8. еден претставник на предлог на градоначалникот на општина Струга со искуство во управувањето со природното и културно наследство во Охридскиот регион;
9. еден претставник на предлог на градоначалникот на општина Дебарца со искуство во управувањето со природното и културно наследство во Охридскиот регион;
10. еден претставник од Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид;
11. еден претставник на предлог на Јавната научната установа Хидробиолошки завод-Охрид;
12. еден претставник на предлог на Јавната установа Национален парк Галичица;
13. еден претставник од граѓанскиот сектор со искуство во заштитата на природното наследство во Охридскиот регион, на предлог на Советот за соработка помеѓу Владата на Република Македонија и граѓанскиот сектор;
14. еден претставник од граѓанскиот сектор со искуство во заштитата на културното наследство во Охридскиот регион, на предлог на Советот

за соработка помеѓу Владата на Република Македонија и граѓанскиот сектор.

(3) Претставникот на Владата на Република Македонија, по службена должност е претседател на Советот за Охридскиот регион.

(4) Заменици претседатели по службена должност се претставниците на Управата за животна средина и на Управата за заштита на културното наследство.

(5) Претседателот, замениците претседатели и членовите на Советот за Охридскиот регион се избираат за време од четири години со право на повторен избор.

(6) Работата на Советот за Охридскиот регион е јавна и во неа, без право на глас, можат да учествуваат претставници на научни, образовни и стручни установи, установи од областа на заштитата на културното наследство и други заинтересирани страни, здруженија и фондации, претставници на медиумите и јавноста.

(7) Генералниот секретар на Националната комисија на УНЕСКО на Република Македонија, учествува во работата на Советот за Охридскиот регион, без право на глас.

(8) Претседателот, замениците на претседателот и членовите на Советот за Охридскиот регион можат да бидат разрешени пред истекот на мандатот доколку:

- не доаѓаат трипати едноподруго на седници на Советот за Охридскиот регион, а нивното отсуство не е оправдано,
- непрофесионално и нестручно работат, и
- работат спротивно на целите на овој закон односно спротивно на целта поради која се основа Советот за Охридскиот регион.

Надлежности на Советот за Охридскиот регион

Член 9

(1) Советот за Охридскиот регион ги има следните надлежности:

1. Го разгледува Нацрт-Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион и го доставува до Владата на Република Македонија на усвојување;
2. Го следи спроведувањето на Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион и до Владата на Република Македонија доставува Годишен извештај за состојбата на природното и културното наследство во Охридскиот регион;
3. До Министерството за култура и до Министерството за животна средина и просторно планирање доставува предлог за вршење на вондредна ревизија на Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион;
4. Доставува до Владата на Република Македонија и до надлежните институции предлози за подобрување на состојбата со природното и културното наследство во Охридскиот регион и наложува спроведување мерки;

5. До Владата на Република Македонија и до надлежните институции доставува мислења и предлози за донесување на прописи со кои се уредуваат прашања од областа на заштитата на природното и културното наследство во Охридскиот регион;
6. Дава мислење по предлог национални, регионални и локални стратешки документи, планови и програми за работа на јавни установи кои се однесуваат на Охридскиот регион;
7. Ја координира соработката со надлежното тело од Република Албанија во однос на заедничкото управување со Охридското езеро;
8. Дава мислење по предлогот на просторниот план, предлогот на генералниот урбанистички план, предлогот на деталниот урбанистички план, предлогот на урбанистичкиот план за село, предлогот на урбанистичкиот план за вон населено место, предлогот на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење, предлогот на локална урбанистичка планска документација, предлогот на државна урбанистичка планска документација, предлогот на урбанистичко планска документација за туристичко-развојна зона, предлогот на урбанистичко-планска документација за автокамп, предлогот на урбанистичко-планска докуметација за градби од посебен интерес и на предлогот на инфраструктурни проекти во Охридскиот регион;
9. Врши увид во донесените просторни и урбанистички планови во Охридскиот регион и доставува мислења и предлози до надлежните органи, за почитување на режимот на заштита при спроведување на овие планови;
10. Дава мислење и предлага мерки за други прашања во врска со управувањето со природното и културното наследство во Охридскиот регион;
11. Ја поттикнува и насочува реализацијата на активности и проекти кои придонесуваат во заштитата и развојот на природното и културното наследство во Охридскиот регион.

(2) За следење на спроведување на Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион, Советот за Охридскиот регион може да формира посебни стручни тела.

(3) Мислењата, ставовите и предлозите на Советот за Охридскиот регион се достапни на јавноста, и истите се објавуваат на веб страницата на Владата на Република Македонија.

(5) За својата работа Советот за Охридскиот регион еднаш годишно доставува Извештај до Владата на Република Македонија.

Деловник, надоместок и вршење на
административно- техничките работи
Член 10

(1) Советот за Охридскиот регион донесува деловник за својата работа.

(2) На претседателот, замениците претседатели и на членовите на Советот за Охридскиот регион им следува надоместок за нивната работа.

(3) Владата на Република Македонија ја определува висината на надоместокот од став (2) од овој член, во зависност од обемот и сложеноста на работите што ги врши Советот за Охридскиот регион.

(4) Средствата за надоместок и трошоците за работа на Советот за Охридскиот регион се обезбедуваат од Буџетот на Владата на Република Македонија.

(5) Административно-техничките работи за работата на Советот за Охридскиот регион ги врши Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

## III. ПЛАНИРАЊЕ НА УПРАВУВАЊЕТО СО ПРИРОДНОТО И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ВО ОХРИДСКИОТ РЕГИОН

### План за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион
### Член 11

(1) За управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион, на предлог на Советот за Охридскиот регион, Владата на Република Македонија донесува План за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион (во натамошниот текст: План за управување).

(2) Планот за управување се донесува за период од девет години.

(3) Планот за управување претставува стратешки, односно програмско-плански документ со долгорочна стратегија за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион.

(4) Планот за управување особено содржи:

1. Критериуми, статус на заштита,
2. Значење и особености на подрачјето,
3. Исклучителни универзални вредности (културни, природни),
4. Граници (текстуално и со мапа) вклучувајќи ја и бафер (контакт) зоната,
5. Методологија и процес на изработка на Планот за управување,
6. Состојба и трендови во врска со управувањето со подрачјето,
7. Ризици и оценка на загрозеноста на исклучителните универзални вредности,
8. Визија за подрачјето,
9. Критериуми, зони и режим на заштита во рамки на самото подрачје со дозволени/забранети активности во зоните,
10. Акционен план,
11. План за мониторинг.

(5) Составен дел на Планот за управување се програмите поврзани со остварување на целите од член 3 од овој закон.

(6) Визијата, мерките и активностите содржани во Планот за управување се интегрираат во сите развојни стратешки, плански и програмски документи, плановите за уредување и користење на просторот во Охридскиот регион.

(7) Планот за управување е јавно достапен документ, кој се објавува на веб страницата на Владата на Република Македонија.

Изработка на Планот за управување

Член 12

(1) Нацртот на Планот за управување го изработуваат Министерството за култура и Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со општина Охрид, општина Струга и општина Дебарца.

(2) Министерството за култура и Министерството за животна средина и просторно планирање во изработката на Нацртот на Планот за управување вклучуваат научни, образовни и стручни установи и организации, како и државни органи или други јавни установи, јавни претпријатија и домашни и странски правни и физички лица.

(3) При изработката на Нацртот на Планот за управување, Министерството за култура и Министерството за животна средина и просторно планирање организираат една или повеќе јавни расправи по Нацрт на планот за управување и спроведуваат процес на консултации со јавноста кој трае најмалку 60 дена од датумот на објавување.

(4) На Нацртот на Планот за управување се спроведува постапка за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно одредбите од Законот за животна средина.

(5) По спроведените консултации со јавноста и стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, Министерството за култура и Министерството за животна средина и просторно планирање, го доставуваат Нацртот на Планот за управување до Советот за Охридскиот регион на мислење. Доколку Советот за Охридскиот регион нема забелешки го доставува Планот за управување до Владата на Република Македонија.

## IV. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ И ДОНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБАТА НА ПРИРОДНОТО И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ВО ОХРИДСКИОТ РЕГИОН

Спроведување на Планот за управување

Член 13

(1) Планот за управување го спроведуваат надлежните органи, институции, имателите на природно и културно наследство, и други субјекти, секој во рамките на своите надлежности и овластувања и согласно активностите утврдени во Планот за управување. За следење на спроведувањето на Планот за управувуање, Советот за Охридскиот регион изготвува листа на органи, институции, имателите на природно и културно наследство, и други субјекти и кои имаат надлежности и овластувања во Охридскиот регион.

(2) Субјектите од став (1) на овој член, најдоцна во месец декември во тековната година, доставуваат извештај за споведување на Планот за управување до Советот за Охридскиот регион.

(3) Спроведувањето на Планот за управување го следи и координира Советот за Охридскиот регион.

Годишен извештај за состојбата на природно и културно наследство во Охридскиот регион

Член 14

(1) Советот за Охридскиот регион изготвува Годишен извештај за состојбата на природно и културно наследство во Охридскиот регион (во натамошниот текст: Годишен извештај).

(2) Годишниот извештај особено содржи:

1. анализа за динамиката и ефектите од спроведување на Планот за управување,
2. податоци за потенцијални ризици кои можат да го доведат во опасност природното и културното наследство во Охридскиот регион и предлог мерки,
3. податоци за степенот на зачуваност на културното наследство во изворна состојба,
4. промените кои настанале во состојбата на природното и културното наследство од подготвувањето на последниот извештај, информации за спроведените активности и за преземените мерки на заштита во тековната година, со предлог-мерки кои треба да се преземат за надминување на состојбите,
5. предлог мерки за постапување кои се во функција на заштита и унапредување на исклучителната универзална вредност, автентичност и интегритет на природното и културно наследство во Охридскиот регион,
6. активности кои се преземени за интегрирано управување и преку-гранична соработка со Република Албанија, како и други активности за воспоставување партнерства и соработка со домашни и меѓународни субјекти,
7. оценка за потребата од дополнителни финансиски средства.

(3) Составен дел на Годишниот извештај се Акцискиот план, во кој се содржани мерките и активности кои треба да се превземат во управувањето со Охридскиот регион.

(4) Советот за Охридскиот регион при изработката на Годишниот извештај вклучува научни, образовни и стручни установи и организации, како и државни органи или други јавни установи, јавни претпријатија или правни и физички лица кои директно или индиректно имаат влијание врз природното и културното наследство во Охридскиот регион.

(5) Годишниот извештај се става на увид на јавноста, а по истиот може да се организираат и јавни дебати.

(6) Советот за Охридскиот регион, најдоцна до први март во тековната година за претходната година до Владата на Република Македонија, по претходно мислење на Националната Комисија на УНЕСКО на Република Македонија, доставува Годишен извештај.

(7) Владата на Република Македонија го доставува Годишниот извештај до Собранието на Република Македонија.

(8) Годишниот извештај е јавно достапен документ, кој се објавува на веб страницата на Владата на Република Македонија.

Ревизија на Планот

Член 15

Министерството за култура и Министерството за животна средина и просторно планирање вршат ревизија на Планот за управување, најдоцна една година пред истекот на неговата важноста.

Обврски на органите на државната управа, органите и организациите кои имаат јавни овластувања и единиците на локална самоуправа на територија на подрачјето

Член 16

(1) Градоначалниците на општината Охрид, на општината Струга и на општината Дебарца се должни урбанистичките планови или измените на постојните урбанистички планови, како и другите планови кои предвидуваат уредување на просторот во границите нац Охридскиот регион од член 7 од овој закон, а се во нивна надлежност, да ги достават на мислење до Советот за Охридскиот регион, пред да започнат со спроведување на консултациите со јавноста по истите. Градоначалниците на општината Охрид, на општината Струга и на општината Дебарца се должни да ги почитуваат мислењата и ставовите на Советот за Охридскиот регион и истите да ги спроведат.

(2) Општините Охрид, Струга и Дебарца и нивните органи и јавни служби, на барање на Советот за Охридскиот регион, се должни да достават информации кои се од интерес за работата и остварувањето на надлежностите на Советот за Охридскиот регион.

(3) Органите на државната управа, органите и организациите кои усвојуваат односно донесуваат планови, програми и стратегии кои се засега во интегритетот на Охридскиот регион или имаат влијание на природното и културното наследство во Охридскиот регион се должни да ги достават на мислење до Советот за Охридскиот регион и соодветно да го вградат односно да постапат по мислењата и ставовите на Советот за Охридскиот регион.

(4) Органите на државната управа, органите и организациите кои спроведуваат планови, програми и стратегии кои се засега во интегритетот на Охридскиот регион или имаат влијание на природното и културното наследство во Охридскиот регион, на барање на Советот за Охридскиот регион, имаат обврска да доставуваат информации кои се од интерес за работата и остварувањето на надлежностите на Советот за Охридскиот регион.

V. ФИНАНСИРАЊЕ

Извори на финансирање

Член 17

Средствата за спроведување на овој закон се обезбедуваат од:

1. Буџетот на Република Македонија,

2. Буџетот на општината Охрид, буџетот на општината Струга и буџетот на општина Дебарца, и
3. други извори (донации, грантови, кредити, подароци, легати и друго).

## VI. НАДЗОР

### 1. Надзор над спроведувањето на законот

Надлежност за вршење надзор над спроведувањето на законот

Член 18

(1) Надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон во областа на природното наследство врши Министерството за животна средина и просторно планирање.

(2) Надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон во областа на културното наследство врши Министерството за култура.

(3) Надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон во областа на просторното и урбанистичко планирање врши Министерството за транспорт и врски.

### 2. Инспекциски надзор

Надлежност за вршење инспекциски надзор

Член 19

(1) Инспекциски надзор над примената на овој закон и на прописите донесени врз основа на овој закон во делот на природното наследство врши Државниот инспекторат за животна средина преку државните инспектори за заштита на природата.

(2) Инспекциски надзор над примената на овој закон и на прописите донесени врз основа на овој закон во делот на културното наследство врши Управата за заштита на културното наследство преку инспекторите за културно наследство.

(3) Инспекциски надзор над примената на овој закон и на прописите донесени врз основа на овој закон во делот на просторното и урбанистичко планирање врши Министерството за транспорт и врски преку државните инспектори за градежништво и урбанизам.

#### 2.1. Државни инспектори за заштита на природата

Делокруг на државниот инспектор за заштита на природата

Член 20

(1) Во вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот за заштита на природата има право да:

- утврди дали управувањето со природното наследство во Охридскиот регион е во согласност со Планот за управување (член 11);
- оцени дали државните органи и организации кои вршат јавни овластувања, општината Охрид, општината Струга и општината Дебарца и

нивните органи и јавни служби доставуваат информации релевантни за работата на Советот за Охридскиот регион (член 16);

- оцени дали државните органи и организации кои вршат јавни овластувања, општината Охрид, општината Струга и општината Дебарца и нивните органи и јавни служби постапуваат по укажувањата и препораките на Советот за Охридскиот регион (член 16);.

(2) При вршењето на инспекцискиот надзор државниот инспектор за заштита на природата со решение ќе:

- нареди преземање на мерки со цел обезбедување на правилно управување со природното наследство во Охридскиот регион и ќе определи рок за нивно преземање;

- нареди преземање на мерки кои се содржани во Планот за управување и ќе определи рок за нивно преземање;

- нареди доставување на информации од интерес за работата на Советот за Охридскиот регион и ќе определи рок за доставување;

- нареди постапување по укажувањата на Советот за Охридскиот регион и ќе определи рок за доставување;

- забрани спроведување на активности или дејствија кои не се во согласност со Планот за управување; и

- забрани спроведување на активности или дејствија со кои може да се доведе природното наследство во Охридскиот регион во опасност.

(3) При вршењето на инспекцискиот надзор од став (1) од овој член, државниот инспектор за заштита на природата може да побара присуство на лице од Управата за заштита на природата.

(4) Во вршење на работите од својот делокруг, инспекторот за заштита на природата има право на преземање на активности утврдени со Законот за заштита на природата и Законот за животната средина.

2.2. Инспектори за културно наследство

Делокруг на инспекторот за на културно наследство

Член 21

(1) Во вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот за културно наследство има право да:

- утврди дали управувањето со културното наследство во Охридскиот регион е во согласност со Планот за управување (член 11);

- оцени дали државните органи и организации кои вршат јавни овластувања, општината Охрид, општината Струга и општината Дебарца и нивните органи и јавни служби доставуваат информации релевантни за работата на Советот на Охридскиот регион (член 16);

- оцени дали државните органи и организации кои вршат јавни овластувања, општината Охрид, општината Струга и општината Дебарца и нивните органи и јавни служби постапуваат по укажувањата и препораките на Советот за Охридскиот регион (член 16);.

(2) При вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот за културно наследство со решение ќе:

- нареди преземање на мерки со цел обезбедување на правилно управување со културното наследство во Охридскиот регион и ќе определи рок за нивно преземање;

- нареди преземање на мерки кои се содржани во Планот за управување и ќе определи рок за нивно преземање;

- нареди постапување по укажувањата на Советот за Охридскиот регион и ќе определи рок за постапување;

- нареди доставување на информации од интерес за работата на Советот за Охридскиот регион и ќе определи рок за доставување;

- забрани спроведување на активности или дејствија кои не се во согласност со Планот за управување; и

- забрани спроведување на активности или дејствија со кои може да се доведе културното наследство во Охридскиот регион во опасност.

(3) Во вршење на работите од својот делокруг, инспекторот за културно наследство има право на преземање на активности утврдени со Законот за заштита на културното наследство.

2.3. Државни инспектори за градежништво и урбанизам

Делокруг на инспекторот за градежништво и урбанизам

Член 22

(1) Покрај надлежностите на државниот инспектор за градежништво и урбанизам предвидени со Законот за просторно и урбанистичко планирање и Законот за градење, во вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот за градежништво и урбанизам има право да:

-утврди степен на усогласеност на планските документи кои предвидуваат уредување на просторот и проектите кои предвидуваат спроведување на инфраструктурни проекти со Планот за управување (член 11);

- оцени дали државните органи и организации кои вршат јавни овластувања, општината Охрид, општината Струга и општината Дебарца и нивните органи и јавни служби доставуваат информации релевантни за работата на Советот за Охридскиот регион (член 16);

- оцени дали државните органи и организации кои вршат јавни овластувања, општината Охрид, општината Струга и општината Дебарца и нивните органи и јавни служби постапуваат по укажувањата и препораките на Советот за Охридскиот регион.

(2) При вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот за урбанизам и градежништво со решение ќе:

- нареди преземање на мерки со цел обезбедување на усогласување на планските документи и предлог проекти со Планот за управување (член 11);

- нареди преземање на мерки што произлегуваат од Планот за управување и ќе определи рок за нивно преземање;

- нареди постапување по укажувањата и препораките на Советот за Охридскиот регион;

- нареди доставување на информации од интерес за работата на Советот за Охридскиот регион и ќе определи рок за доставување;

- забрани спроведување на активности или дејствија со кои може да се доведе природното и културното наследство во Охридскиот регион во опасност.

## VII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Прекршочни санкции
### Член 23

(1) Глоба во износ од 6.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за сторен прекршок на правно лице ако:

1. управува со природното и културното наследство во Охридскиот регион на начин и во мера спротивно на она што е утврдено во Планот за управување (член 11);

2. не доставува информации релевантни за работата на Советот за Охридскиот регион (член 16);

3. усвои план, програма или стратегија која се однесува на територија на подрачјето, односно може да влијае врз природното и културно наследство во Охридскиот регион без добиено мислење од страна на Советот за Охридскиот регион (член 16);

4. не врши усогласување на планските документи и проекти со Планот за управување (член 16).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице.

(3) Глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност ќе се изрече на за прекршокот од ствот (1) на овој член на физичкото лице.

### Член 24

(1) Глоба во износ од 10.000 до 15.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за сторен прекршок на правно лице ако:

- спроведува активности спротивно на Планот за управување, односно спроведува активности кои може да го доведат или го довеле во опасност природното и културното наследство во Охридскиот регион.

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице.

(3) Глоба во износ од 800 до 1000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на за прекршокот од ствот (1) на овој член на физичкото лице.

### Постапка за издавање на прекршочен платен налог
### Член 25

(1) За прекршоците урврдени во членовите 23 и 24 од овој закон, државниот инспектор за заштита на природата, односно инспекторот за културно наследство, односно инспекторот за граджништво и урбанизам на сторителот на прекршокот ќе му издаде прекршочен платен налог, согласно Законот за прекршоците.

(2) Доколку сторителот го прими прекршочниот платен налог, истиот треба да го потпише. Примањето на прекршочниот платен налог од сторителот на прекршокот се забележува во записникот.

(3) Во записникот од ставот (2) на овој член се утврдува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторениот прекршок.

(4) Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и прекршочниот платен налог го потпишува одговорното лице или од него овластено лице.

(5) Инспекторот за заштита на природата односно инспекторот за заштита на културното наследство, односно инспекторот за градежништво и урбанизам е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(6) Во евиденцијата од ставот (5) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(7) Личните податоци од ставот (6) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(8) Министерот за култура ги пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

Водење на прекршочната постапка

Член 26

За прекршоците утврдени во членовите 23 и 24 од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Совет за следење и координација на управување со природното и културно наследство во Охридскиот регион

Член 27

Советот за следење и координација на управување со природното и културно наследство во Охридскиот регион ќе се основа во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на овој закон.

План управување со природното и културно наследството во Охридскиот регион

Член 28

(1) Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион ќе се донесе најдоцна во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

(2) До донесувањето на Планот за управување со природното и културно наследство, во границите на Охридскиот регион од членот 7 од овој закон се воспоставува времена суспензија на секоја крајбрежна и урбана

трансформација како и на спроведувањето на планови, програми и проекти кои предвидуваат крајбрежна и/или урбана трансформација на земјиштето или вклопување на бесправно изградени објекти поради можноста за конфликт со режимот на заштита.

Член 29

(1) Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

(2) Со денот на влегување во сила на овој закон престанува да важи Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион („Службен весник на Република Македонија" бр. 75/2010).

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

I ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Со Предлогот на Законот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион се воспоставува правна рамка со која се уредува управувањето со природното и културното наследство во Охридскиот регион впишано во Списокот (Листата) на светското наследство на УНЕСКО во согласност со критериумите содржани во Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство на Организацијата на Обединетите нации за образование, наука и култура (во натамошниот текст: Конвенцијата на УНЕСКО).

Во Главата I од Предлогот на Законот се содржани одредби  кои се однесуваат на целите на Законот, општите забрани и ограничувања во управувањето, примената на другите прописи со кои се уредуваат прашања поврзани со заштитата на природното и културното наследство во Охридскиот регион.

Во Предлогот на Законот е содржан и поимник во кој се дадени дефиниции на поимите: „светско природно и културно наследство“„исклучителна универзална вредност“ „автентичност“ „интегритет“ „контактна зона“ „светско природно и културно наследство во опасност“ „ имател на природно наследство во Охридскиот регион“ и „имател на културно наследство во Охридскиот регион“.

Во Предлогот на Законот, во членот 7 се утврдени границите на Охридскиот регион во кој се наоѓа природното и културното наследство во Охридскиот регион.

Границите на контактната зона на природното и културното наследство во Охридскиот регион ќе се утврдат со Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион.

Управувањето со Охридскиот регион ја наметнува потребата од напуштање на концептот на формална комуникација меѓу заинтересираните страни, поради што се предлага нова концепција на управување која претпоставува мултисекторски и интердисциплинарен, но и партнерски координиран пристап на континуирано мултидисциплинарно управување.

Со цел следење и координација на управувањето со природното и културното наследство во Охридскиот регион, Владата на Република Македонија формира Совет за следење и координација на управувањето со природното и културно наследство во Охридскиот регион, како стручно и советодавно тело на Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Совет за Охридскиот регион). Составот на Советот за Охридскиот регион  е концепиран со учество во управувањето на сите засегнати страни, кои по било кој основ имаат надлежности во Охридскиот регион, како и со партнерско учество на експерти и на претставници од граѓанскиот организации од областите на природното и културното наследство.

Основна надлежност на Советот за Охридскиот регион е да  го разгледува Нацрт-Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион и да го доставува  до Владата на Република Македонија на усвојување, како и да го следи спроведувањето на Планот за управување со

природното и културното наследство во Охридскиот регион и до Владата на Република Македонија да доставува Годишен извештај за состојбата на природното и културното наследство во Охридскиот регион.

Со оглед на тоа што најсериозна закана за природното и културното наследство во Охридскиот регион е засилената урбанизација на Старото градско јадро на Охрид и на крајбрежјето на Охридското Езеро, во надлежност на Советот за Охридскиот регион е да дава мислење по предлогот на просторниот план, предлогот на генералниот урбанистички план, предлогот на деталниот урбанистички план, предлогот на урбанистичкиот план за село, предлогот на урбанистичкиот план за вон населено место, урбанистички план за подрачја и градби од државно значење, локална урбанистичка планска документација, државна урбанистичка планска документација, урбанистичко планска документација за туристичко-развојна зона, урбанистичко-планска документација за автокамп, урбанистичко-планска докуметација за градби од посебен интерес и за инфраструктурни проекти во Охридскиот регион.

Со одредбите од Глава III, Планирање на управувањето со природното и културното наследство во Охридскиот регион е уреден начинот на донесувањето на Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион, соработката во изработката на планот, како и начинот и надлежните органи за спроведување на Планот.

Со одредбите од Глава IV се регулира спроведувањето на Планот за управување и изработката и донесувањето на Годишниот извештај за состојбата со природното и културното наследство во Охридскиот регион. Планот за управување го спроведуваат надлежните институции, имателите на природно и културно наследство, и другите субјекти, секој во рамките на своите надлежности и овластувања и согласно активностите утврдени во Планот за управување.

Во Годишниот извештај за состојбата на природното наследство и културното наследство во Охридскиот регион се презентира степенот на опасноста на природното и културното наследство, степенот на засегнатоста односно загрозеноста на природното и културното наследство, степенот на зачуваноста на културното наследство во изворна состојба, мерките што се превземени, како и промените кои настанале во состојбата на природното и културното наследство од подготвувањето на последниот извештај. Во Извештајот се даваат и препораки за мерките кои треба да се превземат за надминување на состојбите

Со одредбите содржани со Главата V се регулира финансирањето на управувањето со природното и културното наследство во Охридскиот регион. Надзорот на спроведување на Законот и надлежните органи за вршење на надзорот се регулирани во главата VI. Надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон во областа на природното наследство врши Министерството за животна средина и просторно планирање .Надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон во областа на културното наследство врши Министерството за култура. Надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон во областа на просторното и урбанистичко планирање врши Министерството за транспорт и врски.

Инспекциски надзор над примената на овој закон и на прописите донесени врз основа на овој закон во делот на природното наследство го врши Државниот инспекторат за животна средина преку државните инспектори за заштита на природата. Инспекцискиот надзор над примената на овој закон и на прописите донесени врз основа на овој закон во делот на културното наследство го врши Управата за заштита на културното наследство преку инспектори за културно наследство. Инспекцискиот надзор над примената на овој закон и на прописите донесени врз основа на овој закон во делот на просторното и урбанистичкото планирање го врши Министерството за транспорт и врски преку државните инспектори за градежништво и урбанизам.

Одредбите потребни за примена на овој закон односно санкционирањето заради неисполнување на обврските од страна на правните и физичките лица кои имаат обврски согласно овој закон се содржани во одредбите на главата VII.- Прекршочни одредби.

Во глава VIII- Преодни и завршни одредби се утврдени роковите за спроведување на Законот, како роковите за формирање на Советот за Охридскиот регион и донесувањето на Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион

Во овој дел е регулирано и влегувањето во сила на Законот.

Со Предлогот на Законот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион не се регулираат аспектите на посебната заштита на природното и културното наследство.

Имено, културното наследство во Охридскиот регион согласно член 175 став 2 од Законот за заштита на културното наследство е споменик на културата. Согласно член 175 став (2) од Законот, споменициите на културата чие својство е утврдено со решение на надлежниот завод за заштита на спомениците на културата, според прописите што важеле до примената на овој закон, остануваат под заштита како културно наследство до завршувањето на постапката за нивна ревалоризација. Оттука, на целосниот заштитен третман на предметното културно наследство во Охридскиот регион, во однос на неговата ревалоризација, режим на заштита, установите за заштита, казнени одредби и сл. се применува Законот за заштита на културното наследство и донесените подзаконски акти од оваа област.

Предметен за културното наследство во Охридскиот регион е и Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење („Службен весник на РМ“ бр.47/2011 и 154/15) во кој се содржани одредби за правна идентификација на предметното добро во поглед на неговите граници, неговата контактна зона и режимот на заштита.

Предметни за културното наследство во Охридскиот регион се и сите акти со кои е воспоставена заштита на поединечни културни добра во Охридскиот регион.

Законот за заштита на природата го уредува статусот на природно наследство како посебен статус на заштита со кој се подразбира преземање на посебни мерки и активности за заштита на карактеристиките поради кои се стекнува статусот и се доделува согласно со одредбите на законот. Со законот се

уредува дека природно наследство може да биде: заштитено подрачје, строго заштитен или заштитен див вид, карактеристични минерали и фосили, спелеолошки објекти или природна реткост. Заштита на природното наследство се остварува преку воспоставување на систем кој ги утврдува мерките, постапките и методите за стекнување на статус на природно наследство и спроведување на неговата заштита согласно Законот за заштита на природата.

Од наведените причини во овој Предлог на Закон не се содржани одредби за режим на заштита и други слични одредби со кои се регулира заштитата на природното и културното наследство.

Прекршочните одредби содржани во Законот за заштита на културното наследство и Законот за заштита на природата се исто така предметни за културното и природното наследство во Охридскиот регион.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените решенија со овој Предлог на Закон, меѓусебно се поврзани и се надополнуваат со одредбите содржани во Законот за заштита на природата кои се однесуваат на заштита на природното наследство и од Законот за заштита на културното наследство кои се однесуваат на заштита на културното наследство, како и од другите закони кои се применуваат на природното и културното наследство во Охридскиот регион.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со донесувањето на Законот ќе се придонесе кон:

- спречување на активности кои негативно влијаат врз исклучителните вредности на природното и културното наследство во Охридскиот регион, и
- понагласено вклучување на Република Македонија и општините Охрид, Струга и Дебарца во меѓународниот систем на соработка и помош со цел меѓународна заштита на светското природно и културно наследство;
- спречување на неодржлива урбанизација на крајбрежјето на Охридското езеро која може да го загрози природното и културното наследство;
- создавање на услови за заштита, популаризација и унапредување на состојбата со природното и културното наследство во Охридскиот регион;
- спроведување на научни истражувања и воспитно-образовни активности; и
- создавање на услови за одржлив развој на Република Македонија и општините Охрид, Струга и Дебарца, преку соодветно користење на природното и културното наследство на Охридскиот регион.